**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПЕЧАТ**

## Апелациониот суд на Хамбург на НДР му го забранува прокламираното известување

## Обвиненијата против Еколог АГ се неосновани

Апелациониот суд на Хамбург издавал една брза одлука против Норддојчен Рудфунк (НДР). Подносителот на барањето е Еколог АГ, еден водечка компанија на логистички услуги за вооружените сили во кризните региони. Позадината на поднесувањето на барањето било неоснованото изразување сомнеж од страна на НДР во радиопрограмата, интернет-публикациите (пред сé, во tagesschau.de) и во една информација за печат, при што НДР изразил сомнение, дека фирмата Еколог АГ должностите за мисијата IFAF во Афганистан ги злоупотребила за нелегални активности. Во овој контекст е спомнато и „контрабанда на дрога„. Понатаму НДР известил и за можни индикации на активности од областа на „организираниот криминал„ од страна на семејството основач на фирмата Еколог.

„Сите обвиненија се неосновани и без ниедна супстанција„ објаснува Thomas Wachowitz, член на бордот на фирмата Еколог АГ. „Ние во повеќе наврати му имаме понудено на НДР, да врши еден сеопфатен увид на нашата дејност и во структурите на претпријатието, за да има една јасна слика што се однесува до интерните и екстерните движења на претпријатието. Ова прилика не беше користена. Освен тоа, НДР ширел неосновани обвиненија и на нашето претпријатие му педизвикал огромна штета што се однесува до јавната репутација.„

На доследен начин му забранил сега Апелациониот суд на Хамбург (бр. на досие 234 О 94 10, решението од ден 5 март 2010 год.) на НДР да не го повторува соодветното изразување сомнеж против фирмата Еколог АГ. Понатаму во ова брза одлука исто така му се забранува на НДР, да не го повторува исразувањето сомнеж против семејството на основачот на претпријатието, дека таа е заплеткана во „организираниот криминал„. „Ние се радуваме, што нашата доверба во правната држава се потврди и што Апелациониот суд на Хамбург му ги забранил на НДР овие изразувања на сомнеж„ изјасни Ваховиц.

На НДР веќе во една претходна одлука, донесена од страна на Апелациониот суд на Келн, му било забрането да изјавува, дека Еколог до 2007 год. земал пројекти од страна на Германската Армија (Бундесвер) без претходно да биде распишан конкурс. „После денешната одлука на Апелациониот суд на Хамбург ние ќе преземеме доследни чекори за повторното санирање на штетата, која што ни го предизвикаше НДР со неговото исвестување и против НДР ќе кренеме постапка за надоместок на штета„ објаснува

понатаму Wachowitz. Паралелно со една ваква тужба во Германија, Еколог АГ ја разгледува можноста да крева постапка за надоместок на штета и во другите земји, каде што се наоѓа фирмата, бидејќи неоснованото известување на НДР насекаде придонесол за нарушувањето на имицот на претпријатието, како и во САД.

**Дизелдорф, на 5 март 2010**

**Ecolog PR Office**

За повеќе информации:
press@ecolog-international.com